

Стив Пљакас многу одамна станал член, а подоцна и претседател на организацијата „Обединети Македонци“ во Торонто, една од најстарите македонски организации во Северна Америка. Во времето кога бил претседател се одржале Средбите на протераните Македонци од егејскиот дел на Македонија. Потоа бил претседател на Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ во Торонто.

Исто така, тој бил претседател и најголем спонзор на Комитетот за олимписки игри од Канада. Тој дал значајна финансиска помош за Македонците олимпијци на Олимпијадите во 2004 година во Атина, и во 2008 година во Пекинг. Стив Пљакас е човекот кој го носел македонското знаме пред македонските спортисти на двете олимпијади и бил најсреќниот Македонец во светот.

Македонската заедница во Торонто постојано ја промовира дедовската земја – Македонија, македонската нација, нејзината историја, литература, религија, јазик култура, а во исто време и вистината за постигнувањата во новата мултиетничка демократска Канада.

Затоа со право се вели дека Стив Пљакас ја обединил Македонската заедница во Торонто и пошироко, преку најразлични активности и преку спонзорирање на социо-културни настани. Исто така, тој соработувал со канадските власти за унапредување на правата на Македонците во Канада и претставува мост меѓу Канада и Република Македонија.

Во репортерскиот запис на Стив Пљакас од октомври 1995 година, се вели дека по тригодишно планирање, проучување и сонување за патувањето, конечно сонот стана реалност. На 25 јули 1995 година јас и Мајкл Китли, пристигнавме на аеродромот во Равалпинди, поранешен главен град на Пакистан. Беше околу девет часот наутро и паѓаше ситна роса. Не знаевме дека во тој дел од светот преовладува монсунската сезона. Чувствувавме дека сè е под контрола.

Првиот интересен момент на патот кон долината Читрал ни го посочи возачот. Тоа беше патот што го изградил Александар Македонски и неговата армија. Патот водеше од Кабул, Авганистан, до Калкута, Индија. Застанавме да направиме неколку снимки и чекоревме по трагите на Александар Македонски. Се чувствував многу возбуден, бидејќи по 2300 години ние, јас и Мајкл Китли, сме првите Македонци кои се наоѓаат таму. Треба да го посетите местото за да ги почувствувате овие емоции.

Како што одевме понатаму, возачот повторно ни посочи една од тесните патеки по која одел Александар. Патеката носи име Малаканд, а на некои места е калдрмисана, но, во најголема должина не се пошироки од 130 сантиметри (четири стапки). Меѓутоа, и покрај сè, патиштата што ги изградила војската на Александар Македонски се навистина солидни.

Верувам дека Македонците се меѓу првите градители на патиштата, а во тоа време и немало друг начин за патување освен со друмски сообраќај што најмногу го користела војската. Голем дел на патеката сосема е руиниран и само кратки делови од патеката му одолеале на забот на времето.

Населението во тие региони е многу трудољубиво. Тие од планините прават прекрасни градини. Исто така, мрежата за наводнување што тие ја изградиле е нешто навистина несекојдневно. Секое место и секое домаќинство имаат донесено вода во своите дворови. Сето тоа е постигнато со помош на методите користени за промена на текот на реките и за изградба на аквадукти.

Ако подетално ги анализирате, ќе заклучите дека овие луѓе имаат карактеристични сини очи и руси коси. Физички, сосема се разликуваат од муслиманските Пакистанци и, всушност, мразат кога некој ќе ги нарече Пакистанци, бидејќи не се тоа. Мајкл и јас дури се шегувавме со нив како да ни се браќа. Како што денот се ближеше кон својот крај, решивме да ја поминеме ноќта во градот Дир.И во овој град можеше да се види голем број наши „браќа и сестри"

Тие не се Пакистанци и нив воопшто не ги сакаат. Во нивниот храм видов знак на крст - тие овде не се молат, туку пеат и танцуваат. Кога ја завршивме нашата посета, седнавме да се одмориме и да јадеме. За време на оваа починка, дознавме дека од постарите сонародници и од туѓинци слушнале за Александар Македонски. Исто така, им било кажано дека тие имаат сини очи и светол тен бидејќи се потомци на Александар Македонски. Во сите земји што ги освоил Александар, живееле Македонци. Ги запрашав дали знаат каде бил погребан Александар, а тие одговорија можеби во Багдад.

Секоја недела тие организираат танчарски вечери во различни села. Во долината Калеш се лоцирани три села. Истата вечер бевме поканети да присуствуваме на нивниот

селски танц. Се разбира, ја прифативме поканата и во 21 часот отидовме во отворениот двор каде што единствено танцуваа девојките, на возраст од 8 до 16 години. Тие танцуваа како сите Македонци – со ороводец, рамо до рамо, со испружени раце. Помладите девојки се во центарот на орото, а постарите поназад. Мажите само набљудуваа.

Инаку, во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од монографијата „Стив Пљакас“ биле печатени 57 продолженија од ова дело, што значеше запознавање со бизнисменот Пљакас и Античка Македонија

***Продолжува***



** ДУШАН РИСТЕВСКИ – МАКЕДОН**